ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 11-364/1
19.12 2025 год.

ИСТОЧЕН РЕГИОН

СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прќе бр.119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www.eastregion.mk

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, а во врска со член 28 став 1 алинеја 3 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ" бр.24/21, 174/21 и 241/24), Советот за развој на Источен плански регион на седницата одржана на ден 19.12.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2026 година

член 1

Се усвојува Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2026 година бр.05-339/1 од 12.12.2025 година.

член 2

Финансискиот план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2026 година е составен дел на оваа Одлука.

член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Источен плански регион
Претседател,
Тони Тоневски

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН Штип

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 05-339/1
12. 12 2025 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ
Р Е Г И О Н

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА

Декември 2025

ПРЕДЛАГА:

Директор на Центарот за развој на Источен плански регион

ИЗГОТВУВА:

Центар за развој на Источен плански регион

УСВОЈУВА:

Совет за развој на Источен плански регион

Согласно член 9 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион (од 2008 и од 2021 година), Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот за развој на Источен плански регион, а се усвојува од страна на Советот за развој на Источниот плански регион.

Усвоениот Финансиски годишен план, Центарот за развој на Источен плански регион нема законска обврска да го достави до Министерство за финансии - Сектор за Трезорско работење.

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ЗА 2026 ГОДИНА

ВОВЕД

1. Значењето и целите на субјектот

Центар за развој на Источниот плански регион е основан од 11 (единаесет) единици на локална самоуправа кои се во состав на Источниот плански регион, со цел вршење на стручни работи од значење за регионалниот развој за Источниот плански регион.

Центарот за развој на Источниот плански регион има својство на правно лице и е регистриран пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

Центарот за развој на Источниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион, за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;
- Ги доставува предлог - проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори за финансиска поддршка за реализација на проекти за развој на планскиот регион со донатори;
- Склучува Договори за заедничка реализација на проекти со општините крајни корисници на резултатите од проектите во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој и останати извори на финансирање;
- Ги реализира проектите за развој на Источниот плански регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион и Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;

- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори и донатори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Источниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

2. Извори на финасирање

- Националниот буџет;
- Буџетите на единиците на локалните самоуправи во состав на Источниот плански регион;
- Фондовите на Европската Унија;
- Други меѓународни извори;
- Донации и спонзорства од физички и правни лица;
- Други средства утврдени со закон;

3. Финансиски табели

Финансискиот план претставува рамковна основа за финансиското работење на Центарот за развој на Источниот плански регион за фискалната 2026 година.

Финансискиот план за 2026 година е составен од два дела:

- Наративен дел и
- Табеларен дел на:
  - ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ за 2026 година и
  - ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ за 2026 година.

1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Структура на планирани приходи:

74 Трансфери и донации
741 Трансфери од други нивоа на власт
Конто 7411 – Тековни трансфери од други нивоа на власта

- Трансфер на средства од Министерството за локална самоуправа наменети за тековно работење на Центарот согласно Договор за соработка за 2026 година; трансфер на средства од БРР за менаџирање на проекти финансирани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година и за 2026 година; трансфер на средства од буџетите на општините во состав на регионот, крајни корисници на резултати од проекти, за менаџирање на проекти;

- Трансфер на средства од буџетите на општините во состав на регионот, согласно Договор за соработка за 2026 година, како и неизмирени обврски од претходни години 2023, 2024 и 2025 година;

- Пренесени средства од 2026 година (Состојба на жиро сметката на Центарот за развој на Источен плански регион и на подсметките на проектите ActAge, MAGNET, PROTECH 2024, SERENE и EcoScape).

- **Конто 7412 – Капитални трансфери од други нивоа на власт**
  741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт

- Средства за финансирање на предлог-проекти финансирани преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година и средства од општините, крајни корисници на резултатите на проектите, за кофинансирање на проектите за 2026 година, за кои бидат донесени одлуки од Советите на општините, крајни корисници на резултатите од проектите;

- Средства за финансирање на предлог-проекти финансирани преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година и средства од општините за кофинансирање на проектите одобрени со одлуки од Советите на општините;

- Средства од општините за кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2020 година;

- Средства од општините за кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година;

- Средства од општините за кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година;

- Средства од општините за кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година;

- Средства од општина кон ЦРИПР за проект финансиран од Програмата за намалување на диспаритети меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година;

- Средства од општините за кофинансирање на проекти финансирани од повикот од 2015 година на Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој;

- Средства од општини за кофинансирање на проекти финансирани од Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, повик 2019;
- Средства од Агенција за финансиска поддршка во земјоделие и рурален развој, повик 2026 година Програма за рурален развој за Мерките 321 и 323;
- Средства од Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој – МЗШВ 2026 година;
- Средства за кофинансирање на проекти и активности финансирани од странски донатори, Европска Унија и Швајцарската конфедерација преку Швајцарската агенција за развој и соработка и
- Средства, капитални трансфери од други нивоа на власт за изработка на планска документација.

742 Донации од странство

- **Конто 7421 – Општи и тековни донации**

- 742114 Приходи од Европската унија
- 742115 – Приходи од европските држави

Трансфер на средства за реализација на проекти, финансирани од INTERREG VI-A IPA 2021-2027 Програмата за прекугранична соработка и Програмата Interreg Europe 2021-2027.

2. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Структура на планирани расходи:

Конто 40: Плати и надоместоци

- **Конто 401, 402, 403, 404 – Бруто плати и надоместоци**

Оваа ставка ги содржи основните плати на вработените, придонесите по сите основи и надоместоците согласно Законот, пресметани бруто плати, останати придонеси од плати, надоместоци како и надоместоци за лица вработени на определено време на проекти.

Конто 41: Резерви и недефинирани расходи

- **Конто 413 и 414 – Тековни резерви (разновидни расходи) и резерви за капитални расходи**

Оваа ставка е разлика помеѓу планираните приходи и планираните расходи во финансискиот план за 2026 година. Дел од овие средства ќе се користат за предфинансирање и финансирање на проекти, како и за непредвидени и разновидни расходи.

Делот од средствата што ќе се искористи за предфинансирање / финансирање на одобрените ЕУ проекти: Interreg VI-A IPA Програмата за Прекуграничната соработка

помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија и Програмата Interreg Europe, истите ќе бидат повратени на сметката на Центарот за развој на Источен плански регион по одобрување од страна на спроведено прво ниво на контрола и исплата од страна на Националниот Орган и Управниот Орган на Програмата, во најкраток можен рок по извршена последна исплата по проектите кон Центарот за развој на Источен плански регион.

Конто 42: Стоки и услуги

- **Конто 420, 421, 423, 424, 425, 426 и 427**

Патни и дневни расходи, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања.

Конто 46: Субвенции и трансфери

- **Конто 464: Разни трансфери (464910, 464990)**

Конто 48 – Капитални расходи за финансирање на проекти

- Расходи за реализација на проекти финансирани од:
  - Кофинансирање од страна на општините за проекти финансирани од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020, 2021-2022, 2023-2024, 2025 и 2026 година. Проектот од 2020 година е реализиран во целост останува само уште финансиска исплата од страна на општина Виница;
  - Програмата за рамномерен регионален развој за 2021-2022, 2022-2023, 2023-2024, 2025 и за 2026 година кофинансирање од страна на општините, крајни корисници на проектите;
  - Кофинансирање на проектите од Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој од страна на општините, повик 2015, повик 2019 и повик 2026 година;
  - Финансирање на проект од Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за 2026 година;
  - Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој – МЗШВ за Програмите за 2026 година;
  - Капитални донации за проекти финансирани од ЕУ, Interreg VI-A IPA Програмата за Прекуграничната соработка помеѓу Република Бугарија и Република Северна Македонија и Програмата Interreg Europe и од останати странски донатори за реализација на проекти.

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

Ред. бр.	Сметка	О П И С	Износ во денари
	74	**Трансфери и донации**	
	741	***Трансфери од други нивоа на власт***	
1.	7411	***Тековни трансфери од други нивоа на власт***	
1.1.	741112	Трансфер на средства од МЛС за тековно работење за 2026 година	1.200.000,00
1.2.	741112	Трансфер на средства од БРР за менаџирање на проекти за 2026 година	1.200.000,00
1.3.	741112	Трансфер на средства од општините, крајни корисници на проекти, за менаџирање на проекти	2.317.390,00
1.4.	741111	Трансфер на средства од менаџирање на проекти Interreg IPA CBC, Interreg Europe	3.045.108,00
		Вкупно 1: (1.1.-1.4)	**7.762.498,00**
2.	**741111**	***Трансфер на средства од Буџетот на општините за 2026 година***	
2.1.		Буџет на Општина Берово	108.900,00
2.2.		Буџет на Општина Виница	144.750,00
2.3.		Буџет на Општина Делчево	135.850,00
2.4.		Буџет на Општина Зрновци	20.860,00
2.5.		Буџет на Општина Карбинци	34.200,00
2.6.		Буџет на Општина Кочани	316.020,00
2.7.		Буџет на Општина Македонска Каменица	64.390,00

2.8.		Буџет на Општина Пехчево	39.830,00
2.9.		Буџет на Општина Пробиштип	134.170,00
2.10.		Буџет на Општина Чешиново-Облешево	54.710,00
2.11.		Буџет на Општина Штип	448.660,00
		Вкупно 2: (2.1. - 2.11)	**1.502.340,00**
3.	**741111**	***Остаток на средства за трансфер од Општините за 2025 година (состојба 11.12.2025)***	
3.1.		Буџет на Општина Виница	144.750,00
3.2.		Буџет на Општина Делчево	135.850,00
3.3.		Буџет на Општина Зрновци	20.860,00
3.4.		Буџет на Општина Карбинци	34.200,00
3.5.		Буџет на Општина Македонска Каменица	64.390,00
3.6.		Буџет на Општина Пехчево	39.830,00
3.7.		Буџет на Општина Пробиштип	134.170,00
3.8.		Буџет на Општина Чешиново-Облешево	54.710,00
		Вкупно 3: (3.1 - 3.8)	**628.760,00**
4	**741111**	***Остаток на средства за трансфер од Општините за 2024 година (состојба 11.12.2025)***	
4.1.		Буџет на Општина Виница	144.750,00
4.2.		Буџет на Општина Зрновци	20.860,00

4.3.		Буџет на Општина Карбинци	34.200,00
4.4.		Буџет на Општина Чешиново-Облешево	54.710,00
		Вкупно 4: (4.1-4.4)	**254.520,00**
5	**741111**	***Остаток на средства за трансфер од Општините за 2023 година (состојба 09.12.2025)***	
5.1.		Буџет на Општина Виница	144.750,00
5.2.		Буџет на Општина Зрновци	20.860,00
5.3.		Буџет на Општина Чешиново-Облешево	54.710,00
		Вкупно 5: (5.1-5.3)	**220.320,00**
7	**742**	***Донации од странство***	
	7421	***Општи и тековни донации***	
	742115	**Приходи од европски држави**	
7.1.	742115	„Трансформирање на урбаните делови со зелена инфраструктура" INTERREG VI-A IPA 2021-2027	2.650.000,00
7.2.	742115	„Интегриран развој на препознатлив културен и close to nature туризам во Источен плански регион и регион Благоевград" INTERREG VI-A IPA 2021-2027	12.000.000,00
7.3.	742115	„Превентивни пристапи во конзервацијата на Европските културни наследства - Protech 2024" Interreg Europe	900.000,00
7.4.	742115	„Унапредување на регионалните и локални центри за привлекување и задржување на таленти и инвестиции" MAGNET Interreg Europe	1.200.000,00
7.5.	742115	„Подобрување на социјалното, физичкото и менталното здравје и добросостојбата на постарите лица" ActAge Interreg Europe	1.200.000,00
		Вкупно 7: (7.1-7.5)	**17.950.000,00**

8	***741114***	***Пренесени средства од претходната година***	
8.1.		*Од редовна сметка дата 11.12.2025*	28.028.135,00
8.2.		*Од подсметките на проекти дата 11.12.2025*	9.040.552,00
		Вкупно 8: (8.1 - 8.2)	**37.068.687,00**
		А. ВКУПНО (1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8):	***65.387.125,00***
9	**7412**	***Капитални трансфери од други нивоа на власт***	
9.1.	*741211*	***Кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој од 2020 година***	
9.1.1.		„Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом Тошо Арсов", кофинансирање на Општина Виница	3.194.779,00
9.2.	*741211*	***Кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој од 2021 / 2022 година***	
9.2.1.		„Изработка на технички документации за унапредување и промоција на конкурентските предности на Источен плански регион" кофинансирање на Општина Делчево	169.824,00
9.3.	*741211*	***Кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој од 2023 / 2024 година***	
9.3.1.		"Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источен плански регион", кофинансирање од Општина Виница	93.546,00
9.4.	*741211*	***Кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2025 година***	
9.4.1.		„Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во ИПР", Општина Штип	1.679.444,00

9.4.1.		„Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во ИПР", Општина Чешиново-Облешево	615.000,00
		Вкупно 9.4: (9.4.1 - 9.4.2)	**2.294.444,00**
9.5.		***Кофинансирање на проекти од Програма за рамномерен регионален развој за 2026 година***	
9.5.1.		„Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ" (Подобрување на условите во образовниот процес)	8.989.426,00
9.5.2.		„Унапредување на енергетската ефикасност на регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување" (Smart Led Lighting Project)	1.001.200,00
9.5.3.		„Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион"	5.000.000,00
		Вкупно 9: (9.1-9.5)	**14.990.626,00**
10	*741211*	***Програма за рамномерен регионален развој за 2026 година и Програма за намалување на диспаритети за 2026***	
10.1.		Финансирање на регионални проекти во Источен плански регион	11.650.000,00
10.2.		Програмата за намалување на диспаритети меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година	4.500.000,00
		ВКУПНО 10: (10.1 - 10.2)	**16.150.000,00**
11	*741211*	***Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој Повик 1/2015***	
11.1.		Кофинансирање од Општина Зрновци	370.894,00
11.2.		Кофинансирање од Општина Чешиново-Облешево	270.300,00
		ВКУПНО 11: (11.1 - 11.2.)	**641.194,00**

12	*741211*	***Агенција за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој Повик 2/2019 и Повик 3/2026***	
12.1.		Изградба на пристапен пат од с. Оризари до манастир Пресвета Богородица - туристичка населба Добра Вода (1900 метри)	1.013.391,00
12.2.		Програма за рурален развој за 2026 година Мерка 321	20.000.000,00
12.3.		Кофинансирање од општини во состав на ИПР	3.600.000,00
		ВКУПНО 12: (12.1 - 12.3)	**24.613.391,00**
13	*741211*	***Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој - МЗШВ 2025***	
13.1.		„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион" 2026 година	5.800.000,00
13.2.		Ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студија за Ски центар Царев Врв со идеен проект	9.000.000,00
		ВКУПНО: 13 (13.1 - 13.2)	**14.800.000,00**
		Б. ВКУПНО (9, 10, 11, 12 и 13):	***76.947.804,00***
		ВКУПНИ ПРИХОДИ (А.Б):	***142.334.929,00***

*** Напомена - Општините треба во општинските Буџети за 2026 година да ги планираат средствата за сопствено учество во регионални проекти и за менаџирање**

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

Ред. бр.	Сметка	О П И С	Износ во денари
	40	**Плати и надоместоци**	
1.	401, 402, 403, 404	Бруто плати и надоместоци	7.600.000,00
		Вкупно (1):	**7.600.000,00**
	41	**Резерви и недефинирани расходи**	
2.	*413, 414*	Тековни резерви и резерви за капитални расходи	7.284.514,00
		Вкупно (2):	**7.284.514,00**
	42	**Стоки и услуги**	
3.	*420*	Патни и дневни расходи	550.000,00
4.	421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	700.000,00
5.	*423*	Материјали и ситен инвентар	500.000,00
6.	*424*	Поправки и тековно одржување	350.000,00
7.	*425*	Договорни услуги	1.100.000,00
8.	*426*	Други тековни расходи	450.000,00
		Вкупно (3,4,5,6,7 и 8):	**3.650.000,00**
	46	**Субвенции и трансфери**	
9	*464*	Разни трансфери	400.000,00
		Вкупно (9):	**400.000,00**
		ВКУПНО (1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9):	**18.934.514,00**

	48	Капитални расходи за финансирање на проекти	
10		Програма за рамномерен регионален развој за 2026 година	11.650.000,00
11		Програма за рамномерен регионален развој за 2025 година за проект „Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во ИПР" за општините Штип и Чешиново-Облешево	8.346.712,00
12		Програма за рамномерен регионален развој за 2025 година за проект „Подобрување на образовните услови и креирање на навики за заштита на ЖС на учениците од ОУ во подрачја со специфични развојни потреби во ИПР	2.396.090,00
		Програма за рамномерен регионален развој за 2023-2024 година	7.675.086,00
11		Програмата за намалување на диспаритети меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година	4.500.000,00
12		Кофинансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година	3.194.779,00
13		Кофинансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 / 2022 година	169.824,00
14		Кофинансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 / 2024 година	93.546,00
15		Кофинансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2025 година	2.294.444,00
16		Кофинансирање на проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година	14.990.626,00
17		Кофинансирање од општините за изработка на УПС Повик 1/2015	641.194,00
18		Кофинансирање на проект за 2019 година преку АФПЗРР	1.013.391,00
19		Програма за рурален развој за 2026 година - Мерка 321 / Мерка 323	20.000.000,00

20		Кофинансирање на проект од Програма за рурален развој за 2026 година - Мерка 321 / 323	3.600.000,00
21		Програма за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој - МЗШВ	5.800.000,00
22		Подготвителни работи за Мастер план за изградба на ски центар Царев Врв, Осоговски Планини	9.000.000,00
23		Капитални донации за реализација на проекти од INTERREG VI-A IPA 2021-2027, Interreg Europe, спроведување на проектни активности во 2026 година	17.950.000,00
24		Банкарска гаранција	1.600.000,00
25		Банкарска гаранција	1.443.723,00
26		Банкарска гаранција	541.000,00
27		Позајмици за проекти финансирани од INTERREG VI-A IPA 2021-2027, спроведување на проектни активности во 2026 година	3.000.000,00
28		Позајмици за проекти финансирани од INTERREG EUROPE 2021-2027, спроведување на проектни активности во 2026 година	3.000.000,00
29		Купување на информатичка опрема	300.000,00
30		Купување на канцелариска опрема	200.000,00
		Вкупно (10,11,12,13,14,15,16,17,18,19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30 и 31):	**123.400.415,00**
		ВКУПНИ РАСХОДИ:	**142.334.929,00**

Штип, декември 2025 година

Центар за развој на Источен плански регион
Директор
Трајче Здравков